РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св. Климент Охридски - Битола
Технолошко-технички факултет - Велес
Бр. 08-677/1
13.11. 2019 год.
Велес

Друштво за производство, трговија и услуги
ИЗВОРНО ДООЕЛ
Бр. 01/19
14.11. 2019 год.
Велес

# МЕМОРАНДУМ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Склучен на ден ________.2019 година помеѓу:

**1.Технолошко-технички факултет Велес**, со седиште на ул.„Димитар Влахов" бб, 1400 Велес, претставуван од Деканот Вонр.проф.д-р Татјана Калевска и
**2.ДПТУ ИЗВОРНО дооел**, со седиште на ул.„Никола Оровчанец" бр.1, Велес, претставувано од Управителот Зоран Алексов.

1.Предмет на овој Меморандум е уредување на меѓусебната соработка помеѓу Технолошко-технички факултет Велес и ДПТУ ИЗВОРНО дооел.

2.ДПТУ ИЗВОРНО дооел согласно можностите за потребите на студентите на Технолошко-технички факултет Велес, ќе овозможи изведување на студентска пракса и изработка на завршни трудови и други видови соработка со меѓусебен договор.

3.Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува студентската пракса, изработката на завршни трудови и другата меѓусебна соработка, навремено да ги договори и прецизира.

4.Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува логото и името на ДПТУ ИЗВОРНО дооел, да го објави на web страната и на промотивниот материјал на факултетот.

5.Овој Меморандум за меѓусебна соработка се склучува на неопределено време, со можност било која страна да го раскине со отказен рок од 30 дена.

6.Овој Меморандум за меѓусебна соработка е склучен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за секоја страна.

| | |
|---|---|
| **Технолошко-технички факултет Велес** | **ДПТУ ИЗВОРНО дооел** |
| Д е к а н | Управител |
| Вонр.проф.д-р Татјана Калевска | Зоран Алексов |
| ______________________ | ______________________ |